(Образец ПП.......)

**ДО**
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет: **В Т О Р А Ж А Л Б А**

против Одговор (постапување по жалба и Решение од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до инфрмации од јаен карактер (Агенцијата) бр. 08-208 од 26.8.2022 г.) бр.04-2110/2 од 6.9.2022 година од Ј.З.У Институт за јавно здравје.

**Подносител**: Здружение на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје, со седиште на ул. „Вич" бр.28/36, 1000 Скопје, тел.: 071 356 354, e-mail: info@odnaszanas.com и законски застапник/полномошник на барателот на информацијата, Гордана Гоџо

**Жалбена основа**:

На ден 1.7.2022 година, Здружението на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје (во понатамошниот текст: Здружение или Барател) достави Барање за пристап до информации од јавен каратер (Барање) до Ј.З.У Институт за јавно здравје и во законскиот рок поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

После неколку одговори од страна на Ј.З.У. Институт за јавно здравје Скопје и жалби преку Агенцијата и издавање Решение од страна на Агенцијата за повторно постапување пред првостепениот орган број 08-208 од 26.8.2022 г, на ден 6.9.2022 добиен е одговор од Ј.З.У. Институт за јавно здравје бр.04-2110/2 .

Во однос на овој одговор констатираме дека Имателот постапил правилно кога ги препратил прашањата за кои се огласува за ненадлежен до институциите кои се надлежни, односно прашањата под реден број 1 (делумно), 2, 3, 4, 5 (делумно), 6, 7, 8, 9, 12, 13, 14, 19, 20, 21, 24, 25, 26, 27, 30, 31, 32 и 33.

За одговорите на прашањата под реден број 10, 11, 15, 16, 28 и 29 Барателот на информации во последната жалба од ден 26.8.2022г. воопшто не се жалеше односно ги прифати во претходните комуникации како задоволителни или делумно задоволителни одговорите на овие прашања од Имателот.

Одговорите на прашањата под реден број 5 (поради тоа што е препратено барањето), 22 и 23 **делумно ги прифаќаме** и бараме дополнителни одговори.

Одговорите на прашањата под реден број 17 и 18, **не ги прифаќаме.**

Во однос на одговорот на **прашањето број 5** Имателот дава делумен одговор и истовремено го
препраќа ова барање кон друг надлежен орган. Во однос на делумниот одговор Барателот
инсистира на прецизен и јасно разбирлив одговор од надлежен орган кој би можел да биде даден
и како во форматот објаснет подолу во табелата. Во колона (1) треба да бидат наведени СИТЕ
педијатриски вакцини со кои се вакцинираат децата до 14 годишна возраст. Имателот на
информации целосно и прецизно да одговори онака како што е побарано во Барањето, односно
бараме колона (2) да биде прецизно пополнета, а колона (3) служи за поткрепа на тврдењето.
**Бараме Институтот да одговори прецизно дали е тој надлежен за одговор на ова прашање или
Агенцијата за лекови и медицински средства и доколку е тој надлежен, да постапи согласно
Барањето**.

| Вакцина (1) | Траење на имунитет (2) | Извор (рецензирана студија/студии) (3) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

Во однос на одговорот на **прашањето под реден број 17,** Барателот на информации утврдува дека
Имателот **повторно** не постапил соодветно н Барањето и на Решението издадено од Агенцијата,
односно **не одговарил на прашањето онака како што е барано**. Имено, Имателот доставува две
студии во кои едната е опфатен преглед од ВАЕРС кај лица **погрешно** вакцинирани со дополнителна
доза на вакцина, во однос на вакциналниот календар, а во другата студија е опфатено истражување
за ефектот од **трета вакцина за време на епидемија** кај двојно вакцинирани лица. Во двете студии
**не се споменува реакцијата на вакцината кај лица со веќе прележана болест, односно имуни на
истата за која се вакцинираат**. Бараме Агенцијата да му наложи и да го задолжи Имателот на
информациите во однос на прашањето под број 17, да ја изврши својата законска должност,
односно да одговори онака како што е барано во барањето односно да **достави рецензирани
студии со кои се потврдува дека оние кои веќе прележале одредена болест, а се повторно
вакцинирани, нема да имаат последици од вакцината, со напомена одговорот да соодсвествува
со барањето содржано во прашањето, а не да дава одговор кој воопшто не кореспондира со
поставеното прашање.**

Во однос на одговорот на **прашањето под реден број 18,** Барателот на информации утврди дека
Имателот дава одговор кој воопшто не е побаран, односно упатува на линкови до ковид вакцините
за кои воопшто не бараме информација, а од педијатриските вакцини дава линк до студија **само** за
**ротавирусот**. Не е јасно ЗОШТО Имателот на информации го повторува истиот одговор откако во
претходната жалба од ден 26.8.2022 г. јасно го потенциравме истото. Бараме Агенцијата да му
наложи и да го задолжи Имателот на информации во однос на прашањето под реден број 18 **да
одговори прецизно, онака како што е барано во барањето**, односно да достави рецензирани
студии со **анализа на односот бенефит-ризик за секоја вакцина поединечно** со која се вакцинираат
децата до 14 годишна возраст. Би можел да се користи долунаведениот табеларен формат со тоа
што во колона (1) треба да бидат наведени СИТЕ педијатриски вакцини со кои се вакцинираат
децата до 14 годишна возраст.

| Вакцина (1) | Студија (студии) за анализа на корист/штета (2) |
|---|---|
| | |
| | |

Во однос на дополнителниот одговор за **прашањето под реден број 22**, Иmателот наведува дека само живите вакцини како ротавирусот и полио можат да се излачуваат, да се пренесе вирусот и тој да предизвика инфекција. Од Имателот **бараме пропустот во одговорот да го отстрани, односно да даде информација и во однос на МРП вакцината како жива вакцина, како што тоа го сторил за ротавирусот и полио вакцината.**

Во однос на дополнителниот одговор за **прашањето под реден број 23**, Барателот на информации утврди дека прашањето е **делумно одговорено поради две причини:**

- За вакцината ИПВ е доставена студија за безбедност на нова инактивирана вакцина, базирана на Сабин сојот (sIPV), а не на дивите полиовируси (тип 1,2,3) како што се во сите останати вакцини;
- Според Календарот за имунизација според возраста во Република Македонија се нанесуваат поливаленти вакцини Пентаксим и Хексаксим, а подоцна четири и тривалентна кои во составниот дел ја содржат ИПВ компонентата (тип 1,2,3).

**Врз основа на горенаведеното бараме со цел да биде целосен одговорот на бараното прашање од поднесеното Барање за информации од јавен карактер, Барателот соодветно да достави и студија за безбедност за ИПВ компонентата која се користи најчесто и/или долгорочна студија за безбедност за Пентаксим/Хексаксим.**

Врз основа на сето претходно наведено и приложените докази предлагаме:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер **да ја УВАЖИ жалбата и да му наложи на имателот на информации ЈЗУ Институт за јавно здравје да постапи согласно закон и да го задолжи да ги даде останатите барани информации и документи по прашањата под реден број 5, 17, 18, 22 и 23, односно мериторно да одлучи, односно сама да го реши предметот.**

Прилог на жалбата:

1. Одговор на Барањето доставен од Ј.З.У Институт за јавно здравје на ден 6.9.2022 г.
2. Решение од Ј.З.У Институт за јавно здравје на ден 6.9.2022 г.
3. Докази за препратени барања до повеќе институции од ден 6.9.2022г.

**Имател на информации**: Ј.З.У Институт за јавно здравје, ул. 50 та Дивизија бр.6, 1000 Скопје, Пошт.фах 577 Тел.: 3223-033, 3226-510; Факс:3223-354

ЗДРУЖЕНИЕ ОД НАС ЗА НАС СКОПЈЕ

---------------------------------
(с.р. потпис на жалителот)

Во Скопје.
Датум: 21.9.2022 год.